Влада на Република Северна Македонија
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**
**ДРЖАВЕН КОМУНАЛЕН ИНСПЕКТОРАТ**

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА ВО ДРЖАВЕН КОМУНАЛЕН ИНСПЕКТОРАТ

**Дел. Бр.** 03-368/1

**Датум:** 29. 12. 2023

**Место:** Скопје

(м.п.)

**М-r Sali Ajdini**
[име и презиме]

**в.д Директор**
[функција / звање на раководител на инспекциска служба]

[потпис]

## 1.Вовед

Државниот комунален инспекторат се заснова на член 5 од Законот за изменување и дополнување на Законот за инспекциски надзор според кој Државниот комунален инспекторат е орган во состав на Министерството за транспорт и врски и има статус на правно лице, со сопствена буџетска сметка како буџетски корисник од прва линија.

Државниот комунален инспекторат врши инспекциски надзор над законите од комуналната дејност и тоа: Закон за комунални дејности; Закон за јавна чистота; Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани води ; Закон за гробишта и погребални услуги; Закон за јавни патишта; Закон за домување; Закон за забрана и спречување на вршење на нерегистрирана дејност и Закон за зеленило.

Државниот комунален инспекторат преку извршување на инспекцискиот надзор и преземање на соодветни управни мерки придонесува за зголемување на ефикасноста и ефективноста во работењето на Јавните комунални претпријатија основани од Владата на Република Северна Македонија и Јавните комунални претпријатија основани од општините, како и на правните и физичките лица на кои им е издадена дозвола за вршење на соодветна комунална дејност од страна на државниот орган на управата.

Имајќи го предвид фактот дека корупцијата е забрането однесување кое ја загрозува демократијата и владеењето на правото односно го оневозможува и/или го отежнува остварување на правото на граѓаните, Инспекторатот врз основа на претходно анализирање на ризичните области за можност за корупција во рамките на неговите надлежности, заради заштита како на граѓаните така и на државата од корупција, а со цел почитување на владеење на правото при своето работење насочена е кон реализирање пред се на *принципите на законитост, интегритет, еднаквост, јавност и заштита и одговорност.*

## 2. Активности за превенција од корупција

Во насока на воспоставување на ефикасен систем на мерки кои ќе овозможат превенција и борба против корупцијата, како главен фокус на Државниот комунален инспекторат ќе бидат следните активности:

- Континуирано следење и идентификување на причините, условите и факторите кои би овозможиле корупција
    - секој раководител на одделение е обврзан да го следи постапувањето на вработените во одделението, особено да внимава дали ги

почитуваат законските рокови за преземање на дејствија/активности по конкретните предмети, дали се одолжуваат определени дејствија кои треба да се преземат, кои се причините за таквото однесување, како и да ги има предвид известувањата кои ги доставуваат граѓаните/правните лица по однос на постапувањето на вработените и во случај на констатирање на непочитување/непреземање навремени дејствија да достави известување до раководството во Инспекторатот;

- ➢ врз основа на доставените известувања ќе се анализа состојбата и ќе се идентификуваат категориите на работни места со најголем ризик од корупција;
- ➢ по идентификувањето на истите, ќе се предложат мерки за намалување т.е. отстранувањена различните форми на ризици од корупција;

- Јакнење на интегритетот на вработените
  - ➢ секој вработен е должен во своето работење да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно;
  - ➢ едуцирање на вработените во своето работење да препознаат и да се спротивстават за секоја незаконска, неморална или нечесна ситуација;
  - ➢ обучување и мотивирање на вработените да одговорат на предизвиците од оваа област;

- Зголемување на ефикасноста на административните процедури
  - ➢ со цел навремено постапување и остварување на правата на граѓаните и потребите на правните лица, задолжително е почитување на процедурите за работа;
  - ➢ секој вработен е должен да извести доколку оцени во текот на работата дека определена процедура треба да се измени/дополни во насока на подобрување на работата со истата;

- Почитување на законските прописи и Кодексот за административни службеници
  - ➢ лицето за човечки ресурси задолжително и навремено ги информира вработените за етичките стандарди и правила на однесување според правилата предвидени во Кодексот на административните службеници, како и именуваните лица за нивните обврски, одговорности предвидени во прописите кои се однесуваат за етичко извршување на нивните функции;

- Континуирано зголемување на јавната свест на граѓаните да пријават корупција
    - ➢ изработување на практични информации и обрасци за граѓаните како да ги остварат своите права и да го пријават секое сомневање за неправилност во постапувањето или однесувањето на конкретен вработен во Инспекторатот, како и сомнение за постоење на измама или корупција;
    - ➢ зајакнување на довербата на граѓаните кон Инспекторатот;

- Континуирано следење на начинот на спроведување на јавните набавки, како и реализирањето на договорите за јавни набавки
    - ➢ почитување на процедурите за спроведување на постапките за јавни набавки и реализацијата на договорите, а според правилата предвидени во Кодексот за јавни набавки;
    - ➢ надзор и контрола над примената и почитувањето на процедурите за спроведување на постапките за јавни набавки, како и реализацијата на договорите;
    - ➢ едуцирање на вклучените вработените во постапките за јавните набавки да ги почитуваат основните начела, како што се: начелото на слобода за обезбедување услуги, како и начелата на економичност, ефикасност, конкуренција помеѓу економските оператори, транспарентност, еднаков третман на економските оператори и сразмерност;

- Јакнење на позицијата на лицето кое известува за неправилности и сомнежи за измами и корупција во Државниот комунален инспекторат и лицето за прием на пријави од укажувачи
    - ➢ едуцирање и усовршување на лицето кое известува за неправилности и сомнежи за измами и корупција во Инспекторатот и лицето за прием на пријави од укажувачи;
    - ➢ создавање услови за извршување на нивните обврски според прописите за јавна внатрешна финансиска контрола и прописите за укажувачи;

- Континуирано информирање на граѓаните за работата на Државниот комунален инспекторат
    - ➢ демонстрирање на отчетноста и овозможување транспарентност за работата на Инспекторатот преку објавување на веб страницата на сите неопходни информации, како што е Законот за инспекциски надзор, подзаконски акти кои произлегуваат од овој закон, месечни планови, шест месечни извештаи и годишни програми за работата на

Инспекторатот, правилниците за внатрешна организација и систематизација на работните места во Инспекторатот, органограм, информации за спроведување на обуки, практични информации и обрасци за граѓаните за остварување на права согласно Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер, соопштенија за јавноста.

## 3.Објавување

Годишниот план за спречување на корупција ќе се објави на веб страницата на Државниот комунален инспекторат.